

ПЕРК

Пелагониска Ревизорска Куќа

До: **РЖ Економика АД Скопје**

# Понуда за законска ревизија на финансиски извештаи за 2025

22 април 2025

## До раководството

Пелагониска Ревизорска Куќа Ви изразува благодарност за можноста за продолжување на соработката за ревизија на Вашите финансиски извештаи за 2025. Го цениме Вашето партнерство и се гордееме со досегашната доверба што ни ја имате укажано. Досегашната соработка на планот на ревизија ни овозможи целосно разбирање на Вашето друштво, односно на Вашето работење, структурата, финансиските податоци, сметководствените политики, целите и очекувањата, контролните системи и ризици. Стекнатото знаење за Вашето друштво и планот за ревизија од претходна година го искористивме за да креираме понуда која одговара на вашите потреби за ревизија за 2025 година.

Во ПЕРК ние ја препознаваме критичната улога на точното и сигурно презентирање на финансиските извештаи и се надеваме дека и на вас Ви го пренесовме истото гледиште. Веруваме дека Ви ја презентиравме нашата експертиза, професионалност и посветеност кон работата преку досегашната взаемна соработка. Нашите услуги секогаш ќе бидат ориентирани кон обезбедување интегритет на Вашите финансиски извештаи, проверувајќи ја усогласеноста со важечките закони и Меѓународни стандарди за финансиско известување. Испитувајќи ја Вашата финансиска евиденција, внатрешните контроли и процеси, нашиот искусен тим на ревизори ќе Ви обезбеди независно и објективно мислење за Вашата финансиска состојба, перформанси и обелоденувања.

Ревизорските услуги ќе бидат извршени во согласност со Законот за ревизија, Меѓународните стандарди за ревизија кои се применуваат во РСМ и Меѓународните сметководствени стандарди прифатени во РСМ. Меѓународните стандарди за ревизија бараат да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Долгогодишното искуство како и стручноста во областите на сметководство, финансии и ревизија, потврдуваат дека сме компетентни да одговориме на Вашите потреби. Целосно Ви стоиме на располагање за дополнителни информации и усогласувања на елементите од оваа понуда. Веруваме дека ќе ни ја укажете Вашата доверба и Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп ќе биде избрана како Ваша ревизорска куќа. Доколку Ви се потребни дополнителни информации слободно можете да не контактирате.

На наше задоволство Ви доставуваме Понуда за законска ревизија на финансиски извештаи за 2025. Понудата е со важност од 30 работни дена

## Профил на друштвото

Друштвото за ревизија Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп е основано во 1999 година во Прилеп како прво дисперзирано друштво за ревизија во Република Северна Македонија надвор од градот Скопје.

Повеќе од две децении работиме во обезбедувањето на сеопфатни услуги од областите на ревизија, испитувања, проверки, уверување и консултации. Нашиот тим се состои од високо специјализирани професионалци и тоа тројца овластени ревизори, двајца помошници ревизори, надворешни соработници овластени ревизори ангажирани како членови на тимот или како проверувачи на контрола на квалитет и други асистенти и помошници.

Друштвото поседува разбирање за различни индустрии и е секогаш во тек со најновите сметководствени и ревизорски стандарди како и со регулаторните барања. Ние ја користиме оваа експертиза за да го прилагодиме нашиот ревизорски пристап кон Вашите специфични потреби и барања, овозможувајќи ни да обезбедиме адекватни решенија.

Друштвото има трајна дозвола за работа добиена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата со регистарски број 10, заведена под бр. 08-268/3 од 05.10.2021 година.

## Пецко Ристески
Овластен ревизор

070 208 138
risteskipecko@t.mk

Лиценца за работа бр.96 издадена од СУНР.

Дипломиран економист Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Уверение за овластен сметководител бр. 0106785; Уверение за положен испит за проценувач од областа на машини и опрема број 15-7731/2; Лиценца за вештачења од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење;

Работно искуство во ревизија над 15 години.

## Грозда Костадинова
Овластен ревизор

071 309 220
grozda_kostadinova@yahoo.com

Лиценца за работа бр.104 издадена од СУНР.

Дипломиран економист, Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Магистер по МБА.

Уверение за овластен сметководител бр. 0105093; Уверение за положен испит за проценувач од областа на машини и опрема број 15-7735/2; Решение за постојан судски вештак од областа на финансиско – сметководствен менаџмент број 03-164/07; Решение за давање дозвола за работење на брокер број 07-2507/4;

Работно искуство во ревизија над 15 години.

## Сузана Василоска Ѓорчески
Помошник ревизор

075 388 332
suzanavasiloska@perk.com.mk

Дипломиран економист од областа на сметководство, финансии и ревизија со Уверение за овластен сметководител бр. 0107769.

Работно искуство во ревизија над 8 години

## Теодора Оханесјан
Овластен ревизор

076 716 458
teodoraristeska@perk.com.mk

Лиценца за работа бр.262 издадена од СУНР.

Дипломиран економист и Магистер по сметководство финансии и ревизија. Уверение за овластен сметководител бр. 0111344

Работно искуство во ревизија над 6 години

## Анита Кузманоска
Помошник ревизор

071 989 543
anitakuzmanoska@perk.com.mk

Дипломиран економист од областа на сметководство, финансии и ревизија со Уверение за овластен сметководител бр. 0107771.

Работно искуство во ревизија над 8 години

## Гордана Витанова
соодветно квалификувано лице – надворешен соработник

vitanova04@yahoo.com

Доктор по економски науки, Овластен ревизор со лиценца бр. 119

Со едукативно и практично работно искуство во ревизија над 20 години



## Ревизорски услуги

Примарна цел на ревизијата е да изрази независно мислење за валидноста и точноста на Вашите финансиски извештаи во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди.

Пред да започнеме со ревизијата ќе биде потребно да ни ги обезбедите следните информации:

- Статутарни, договорни и регулаторни одредби за основната дејност на клиентот;
- Системот на внатрешна организација на клиентот;
- Сметководствените политики;
- Менаџмент, систем на контрола и известување;

Потоа, ќе биде потребно клиентот да ни ги обезбеди официјалните финансиски извештаи за периодот кој е предмет на ревизија издадени во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија кои ќе ни послужат како основа за подготовка на ревизорскиот план и утврдување на областите на ризик.

### Цели

- Независно мислење за финансиските извештаи
- Усогласеност со стандарди

## Стратегија на ревизијата и планирање

Во стратегија на ревизијата ќе го усвоиме пристапот базиран на ризици. Овој пристап вклучува детална проценка на ризиците и оценка на воспоставените внатрешни контроли на друштвото за ублажување на истите. За да го постигнеме тоа бараме:

- Целосно разбирање за Вашиот бизнис и неговите ризици како и начинот на кој тие можат да се ублажат и контролираат;
- Градење на цврст однос помеѓу Вашиот менаџерски тим и нашиот ревизорски тим.

Клучен елемент во нашиот пристап е постигнување согласност на Вашите очекувања од ревизијата уште во нејзината најрана фаза што значи дека клучните ризици ќе бидат идентификувани и третирани уште на самиот почеток. Во непосредна комуникација со Вас и со утврдување на вашите потреби, цели, специфичности во работењето, интерните контроли и идентификуваните ризици, ние ќе ја обликуваме нашата стратегија конкретно кон карактеристиките на Вашето друштво. Ќе го дефинираме нашиот ревизорски пристап во детали, наведувајќи ги областите каде се што се идентификувани ризици, основите за утврдување на материјалност, распоредот на работата и тимот на ангажманот. Исто така ќе Ви биде доставен и список на дополнителни документи и информации кои треба да ни ги доставите. На овој начин ќе бидеме сигурни дека ги поседуваме сите информации потребни за ефикасно и беспрекорно вршење на ревизорските постапки, дека располагате со доволно цврсти податоци и релевантни информации и дека тоа не влијае на Вашиот обем на работење.

### Постапки на ангажманот

- Стратегија на ревизијата и планирање
- Обем и материјалност
- Контрола и координација
- Постапување со критични прашања
- Известување

## Обем и материјалност

Нашата ревизија ќе се спроведе во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија а ќе вклучи тестови на трансакции и салда на сметки какви што сметаме дека се потребни и неопходни да се направат. При спроведување на ревизијата, посебно внимание ќе посветиме на трансакциите и ставките кои го надминуваат утврденото ниво на материјалност. Кога оценуваме дали финансиските извештаи даваат

вистинска и објективна слика ги земаме во предвид поединечните и збирните некоригирани погрешни прикажувања утврдени во текот на ревизијата.

## Контрола и координација

Целокупната координација помеѓу Вас и ревизорскиот тим е одговорност на раководителот на тимот одговорен за ревизорскиот ангажман. Негова задача е да го следи напредокот на ревизорскиот ангажман и да Ве известува за евентуалните отстапувања од планираниот распоред на работа. Проверката на ревизорската документација се врши континуирано и е составен дел на постапката за контрола на квалитет и служи да се идентификуваат отворените прашања кои произлегуваат од ревизијата уште во нејзината рана фаза.

### Стратегија, контрола и координација

- Проценка на ризик и материјалност
- Тестови на салда
- Тестови на трансакции
- Ревизорски докази

## Постапување со критични прашања

Со правилно планирање и со детални постапки за проценка на ризиците, би требало да ги идентификуваме најголемиот број од потенцијално критичните прашања. Ние сакаме секогаш да разговараме за отворените прашања коишто можат да се појават во текот на ревизијата. Раководителот на тимот секогаш ќе биде запознаен со критичните прашања кои ќе произлезат во текот на ревизијата. Раководителот на ревизорскиот тим ќе одлучи како ќе се постапува по критичните прашања и ќе Ве извести за било каква загриженост во врска со истите. Ревизијата претставува процес кој подразбира дневна комуникација помеѓу Вас и сите членови на ревизорскиот тим на ПЕРК како и Ваше редовно запознавање со нејзиниот напредок.

## Известување

Откако процесот на ревизија ќе заврши, ќе одржиме состанок со Вашиот сметководствен и финансиски тим за да ги разгледаме евентуалните отворени прашања и клучните наоди. Потоа очекуваме да се состанеме со органот на управување за да разговараме за ревизијата, за евентуалните отворени прашања во финансиските извештаи и, ако е значајно, за евентуалните системски слабости. Ќе Ве известиме за прашањата за кои сме примениле проценки, за тоа како сме се справиле со идентификуваните ризици, како и за некорегираните погрешни прикажувања. Согласно нашите стандарди за работа по завршување на ревизијата ќе пристапиме кон изработка на нацрт ревизорски извештај. Составен дел на нацрт ревизорски извештај е нашето мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на друштвото.

Целокупниот процес на известување, вклучувајќи го доставувањето на подготвениот нацрт ревизорски извештај односно на конечниот ревизорски извештај, планираме да го завршиме најдоцна до крајот на 20 Април 2026 година.

### Известување

- Комуникација со раководство
- Обелоденување
- Клучни наоди
- Препораки
- Подобрувања

## Навремени и сеопфатни услуги

Нашиот ревизорски ангажман започнува согласно договорената временска рамка, односно согласно потпишаниот договор. Нашата работа и нашиот ангажман зависат од контактите, комуникацијата и документацијата обезбедена од вработените во соодветните оддели на

Вашата компанија како и од било кои други екстерно ангажирани соработници (сметководство, раководство и други). ПЕРК ќе биде во редовна комуникација со Вас за целосно да бидете информирани за текот и напредокот на ревизијата. Ќе Ве информираме за неопходната документација која е обезбедена и која треба дополнително да се обезбеди. Нашата цел е да Ви обезбедиме навремени и сеопфатни услуги.

## Цена на понудата

Нашиот надоместок е пресметан врз основа на предвиденото време кое треба да биде вложено од страна на раководителот на тимот и останатиот ангажиран персонал на ПЕРК за комплетно завршување на ревизијата. Спрема прелиминарниот ревизорски план, работните саати на раководителот и члeновите на ревизорскиот тим се распоредени на:

| ***Временски план на активности во часови*** | | |
|---|---|---|
| *Активности* | *Во текот на 2025* | *Во текот на 2026* |
| *Запознавање со актуелности во работењето на друштвото* | 2 | |
| *Изработка на ревизорска стратегија и ревизорски план* | 2 | |
| *Состанок со менаџментот на друштвото* | 2 | 1 |
| *Преглед на периодични и годишни финансиски извештаи* | 3 | 1 |
| *Теренска ревизија, прибирање на документи и докази* | 7 | 1 |
| *Тестирање на интерните контроли* | 5 | 3 |
| *Тестирање на главната книга* | | 6 |
| *Ревизија на нетековни средства* | 2 | 2 |
| *Долгорочни вложувања* | 2 | 1 |
| *Ревизија на парични средства* | 1 | 1 |
| *Ревизија на побарувања од купувачите* | 2 | 2 |
| *Ревизија на залихи* | 4 | 2 |
| *Ревизија на обврски спрема добавувачи, кредитори и сл.* | 2 | 1 |
| *Писма за комуницирање со менаџментот* | | 1 |
| *Подготвување на нацрт и конечен ревизорски извештај* | | 4 |
| **Вкупно** | **34** | **26** |

Врз основа на претходната табела и потребните активности како и цената по час определена согласно буџетот и упатствата и препораките на ИОРРСМ, надоместокот на ревизорските услуги изнесува:

| | **Во Евра** |
|---|---|
| Ревизија на финансиски извештаи | **2.000** |
| ДДВ | 360 |
| Вкупно: | 2.360 |

Надоместокот треба да се платил во денари според курсот за еврото на денот на фактурирањето објавен од страна на НБРСМ. Согласни сме исплатата на паричните средства

### Завршеток на ангажман

- 20 Април 2026
- Состанок со раководството
- Писмо со изјави
- Писмо со препораки
- Достава на ревизорски извештај

### Ангажман на тимот

- Временско планирање на активност
- Тестови и контроли
- Теренска ревизија
- Состанок со менаџмент, финансии и сметководство
- Комуникација

да се изврши по предавањето на ревизорскиот извештај и доставувањето на фактурата во рок од 15 дена.

## Претпоставки

Извршувањето на ревизорскиот ангажман пред се зависи од можноста на ревизорот да ги обезбеди сите потребни и неопходни документи, сите договори, одлуки, записници, биланси, имотни листови, фактури, приемници, испратници, изводи, картици и сл. а кој што ревизорот ги определил за конкретниот клиент. Извршувањето на ревизорскиот ангажман зависи и од можноста, ревизорот да има неограничен пристап до седиштето и до сите други локации на клиентот како и пристап и комуникација до сите потребни оддели, сектори и вработени.

Нашата понуда:

- Претпоставува дека од Ваша страна ќе ни бидат документирани и обезбедени сите барани информации и сета друга поткрепувачка документација наведена погоре,
- Претпоставува дека нема да има временски препреки во обезбедувањето на погоре наведената документација,
- Претпоставува дека нема да се појават значајни неочекувани прашања и состојби во текот на ревизијата, и
- Исклучува секакви исплати на експерти.
- Претпоставува континуитет во тековниот трговски облик и големина на друштвото (ентитетот).

Дополнителна работа

За било која друга дополнителна работа заедно со Вас ќе ги утврдиме и усогласиме условите на дополнителниот ангажман и ќе Ве известиме за висината на проценетиот надоместок.

**Пелагониска Ревизорска Куќа**

**ДООЕЛ Прилеп**

Управител

Друштво за ревизија ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДООЕЛ Прилеп

Пецко Ристески

# Две децении професионалност и одговорност

ни овозможија да вршиме ревизија кај следниве клиенти

## Трговија

- Изо Стакло ДОО Прилеп
- Тобако Дисконт ДООЕЛ Прилеп
- Андонов ДООЕЛ
- Уни Ројал Компани
- Викторија Табако ДООЕЛ Прилеп
- Прима Мебел
- МОБИ ПЕТРОЛ ДООЕЛ Охрид
- Авто комерц ДОО Битола
- Семенарство Промет ДООЕЛ Скопје

## Услуги

- РЖ Услуги АД Скопје
- РЖ Економика АД Скопје
- Цилиндо АпС
- Интерворкс ДООЕЛ Битола
- Транскоп АД Битола
- Еурогејмс ДООЕЛ Охрид
- ПЗУ Плодност
- Клуб Спорт ДОО Битола
- Отпад ДООЕЛ Охрид
- Гоми 96 Ресен

## Производство

- Тутунски Комбинат АД Прилеп
- Гинис ДОО ЗД Прилеп
- Фабрика за квасец и алкохол АД Битола
- Секе ДООЕЛ Прилеп
- Микросам ДОО Прилеп
- Силган Метал Пекиџинг ДОО Битола
- Ламинати Ком ДОО Прилеп
- Арини Фешн ДООЕЛ Прилеп
- Печатница 11 Октомври ДООЕЛ
- Крин КГ ДОО Прилеп

## Прехранбена

- Макпромет АД Штип
- Прилепска Пивара АД Прилеп
- Бимфоод ДОО Прилеп
- Мовино ДОО Скопје
- Европа ДООЕЛ Штип
- Фунги Флора
- ГД Тиквеш АД Кавадарци
- Бага Фоод ДОО Битола

## Јавни Претпријатија

- ЈП Комунална Хигиена Скопје
- ЈКП Комуналец Прилеп
- ЈП Водовод и Канализација Прилеп
- ЈП Агроберза Скопје
- ЈП Студенчица Кичево
- ЈП Стрежево Битола
- ЈП Комуналец Битола
- ЈП Комуналец Кавадарци
- ЈП Македонија Пат Скопје

## Финансии и Осигурување

- Ин Брокер АД Скопје
- ФД Денар Кредити
- ФД Селект Фајнанс
- АД Осигурителна Полиса
- Опфолио АД Скопје

ПЕРК РЕВИЗИЈА
Пелагониска Ревизорска Куќа

## Посетете не:

ул. „Прилепски бранители“ бр. 16-4
2 кат 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
моб.:070/208-138;
perk@perk.com.mk
www.perk.com.mk

Понудата е доверлива комуникација помеѓу ПЕРК и клиентот. Истата не смее да се споделува со надворешни лица. Понудата е со важност од 30 работни дена. Понудата е изработен согласно информациите кои ПЕРК ги поседува во тој момент и истата е невалидна доколку ПЕРК обезбеди нови дополнителни податоци за клиентот кои можат да ги променат елементите презентирани во оваа понуда. ПЕРК може да одлучи да достави нова понуда после добивањето на новите податоци и информации.